# ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

**Службен весник на Р. Македонија бр.89/08 од 18.07.2008 година**

**Член 1**

Во Законот за употреба на македонскиот јазик ("Службен весник на Република Македонија" број 5/98), членот 13 се менува и гласи:

"1) Глоба во износ од 2.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице што ќе објави нелекториран текст (член 7 став 1).

2) Глоба во износ од 700 до 900 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на договорното лице во правното лице.

3) За прекршокот од ставот 1 на овој член на правното лице може да му се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предмети со кои е извршен прекршокот".

**Член 2**

По членот 13 се додаваат два нови поднаслова и два нови члена 13-а и 13-б, кои гласат:

**"Надлежност на судот**

**Член 13-а**

За прекршокот утврден во членот 13 на овој закон, прекршочна постапка води надлежниот суд.

**Порамнување**

**Член 13-б**

1) За прекршокот во членот 13 на овој закон, инспекторите за култура се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка на порамнување пред да поднесат барање за прекршочна постапка.

2) Инспекторот за култура може во постапката за порамнување на сторителот на прекршокот да му даде платен налог".

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".